ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

***Број: 02 - 8200/2***
***30.04.2009 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LIII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 30.04.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, директор на секторот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, директор на секторот за управување со човечки ресурси;*
- *Зоран Крајоски, директор на секторот за контрола;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*

- *Гоце Гаврилов, директор на секторот за информатика;*
- *Златко Алексов, директор на секторот за јавни набавки;*
- *Кристина Христова, раководител на одделението за фармација;*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар.*

*Претседателот на Управниот одбор Фисник Ибраими ја отвори седницата. Откако утврди дека се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување го предложи следниот*

**П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. *Годишен извештај на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и јавните здравствени установи за 2008 година (краен законски рок за доставување до Влада и Министерствата);*
2. *Анализа на реализација на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и јавните здравствени установи за кварталот јануари - март 2009 година;*
3. *Измена на Инвестиционата програма на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во правец на препораките од Владата;*
4. *Предлог за проширување на листата на оддалечени рурални места;*
5. *Презентација на претседателот на комитетот за ДСГ;*
6. *Разно.*

*Потоа побара Управниот одбор да расправа и за барањата од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби и од Републичкиот завод за здравствена заштита кои бараат средства заради подготвување за можната пандемија на свинскиот грип. Во врска со тоа, во просториите на Фондот е присутен директорот на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби д-р Звонко Миленковиќ кој може на Управниот одбор да му даде дополнителни објаснувања. Праша и дали има и други предлози за проширување на дневниот ред.*

*Директорот Тренкоски побара на дневниот ред да бидат и следните точки:*

- *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Одлука за овозможување на јавните претпријатија неплатениот придонес да го платат на рати без банкарска гаранција, со истовремено издавање на потврди за платен придонес;*
- *Барање од Центарот за култура Битола;*
- *Продолжување на договорот со сообраќајниот вештак*

*Во врска со точката 2 - Анализа на реализацијата на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и јавните здравствени установи за*

*кварталот Јануари - Мај 2009 година побара да се разгледаат и Предлог мерките за успешно работење на јавните здравствени установи.*

*Членовите на Управниот одбор ги прифатија предлозите, по што едногласно го усвоија следниот*

***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

1. *Барања од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби и од Републичкиот завод за здравствена заштита на средства заради подготвување за можната пандемија на свинскиот грип;*
2. *Годишен извештај на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и јавните здравствени установи за 2008 година (краен законски рок за доставување до Влада и Министерствата);*
3. *Анализа на реализација на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и јавните здравствени установи за кварталот јануари - март 2009 година;*
4. *Измена на Инвестициoната програма на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во правец на препораките од Владата;*
5. *Предлог за проширување на листата на оддалечени рурални места;*
6. *Презентација на претседателот на комитетот за ДСГ;*
7. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
8. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Одлука за овозможување на јавните претпријатија неплатениот придонес да го платат на рати без банкарска гаранција, со истовремено издавање на потврди за платен придонес;*
10. *Барање од Центарот за култура Битола;*
11. *Продолжување на договорот со сообраќајниот вештак;*
12. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1 -*** *Барања од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби и од Републичкиот завод за здравствена заштита на средства заради подготвување за можната пандемија на свинскиот грип*

*Звонко Миленковиќ го запозна Управниот одбор дека ефикасното снабдување со кислород е од клучна важност за овозможување на третман на поголем број на заболени во случај грипот да добие пандемиски размери. Со оглед на фактот што Светската здравствена организација ја подигна подготвеноста на пети степен, состојбата е сериозна и бара брзо превземање на подготвителни мерки. Поради просторната оддалеченост на нашата клиника од другите во Клиничкиот центар, при поставувањето на системот за централно снабдување со кислород, таа е испуштена. Поради тоа сега работиме со кислород во боци. Меѓутоа, ако се укаже потреба за прием на голем број заболени тој начин на снабдување може да ја загрози и безбедноста на болницата. Клиниката разгледува три можности за решавање на снабдувањето: со сопствено производство, со поврзување на централниот*

*систем на клиничкиот центар и со комбинација на двете варијанти. За сите три ни е потребна финансиска помош од Фондот.*

*По ова излагање, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања и даваа предлози, по што Звонко Миленковиќ ја напушти седницата.*

*Потоа Фисник Ибраими ги запозна членовите на Управниот одбор дека од Републичкиот завод за здравствена заштита е пристигнато барање за зголемување на буџетскиот плафон поради актуелната состојба во светот со појавата и ширењето на новиот мексикански грип (свински грип), поради кој согласно препораките на Светската здравствена организација за следење и дијагностика на овој вирус е потребно да се вршат дополнителни тестови за негово присуство. Во барањето се наведува дека лабораторијата за вирусологија на Републичкиот завод за здравствена заштита е единствена референтна лабораторија за дијагностика на грип во земјата па можната пандемија на овој вирус налага потреба од поголем број на тестови.*

*На крајот, во врска со двете барања, Управниот одбор едногласно ги донесе следните*

***Заклучоци:***
- *Фондот да се обрати до Министерството за финансии со укажување на потребата за обезбедување на буџетски резерви за соочување со можната пандемија;*
- *Фондот да ја следи состојбата со грипот и ако за тоа има потреба секојдневно да се свикува Управниот одбор заради итно реагирање;*
- *Стручните служби на Фондот да контактираат со Клиниката за хируршки болести заради обезбедување на начин за непречено снабдување со кислород на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби од нивниот систем;*
- *Поради потребата од вршење на зголемен број на тестови за присуство на вирусот на мексиканскиот - свински грип, да се изврши зголемување на буџетскиот плафон буџетскиот плафон на Републичкиот завод за здравствена заштита.*

***ТОЧКА 2 -*** *Годишен извештај на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и јавните здравствени установи за 2008 година*

*Годишниот извештај го презентира директорот Георги Тренкоски наведувајќи ги клучните 14 придобивки и карактеристики на работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во 2008 година. Тие се:*

1. *Чистењето на долговите на јавните здравствени установи и постигнувањето на целосна финансиска стабилност;*
2. *Безготовинско плаќање на надоместоците за боледување и рефундациите. Сите плаќања одат преку банка за што порано имаше само обиди;*
3. *Воспоставен систем на контрола на сите нивоа на здравството.*
4. *Обуки на контролорите на Фондот во четири странски земји;*
5. *Набавка на околку 1000 EKG апарати и 100 колпоскопи за примарната здравствена заштита;*
6. *Воведување на референтни цени на лекови;*

*7. Воведување на референтни цени на здравствените услуги;*
*8. Воведување на ДСГ методологијата и ДСГ цените на услуги;*
*9. Судски постапки – Нагло зголемување регрес.*
*10. Намалување на стапките на придонесот и задржаната финансиска стабилност;*
*11. Околу 60 реализирани тендери и намалување на цените на лековите;*
*12. Аптеки :*
*2007 год. - 390 аптеки (правен субјект), 505 аптеки (раб.единици)*
*2008 год. - 423 аптеки (правен субјект), 618 аптеки (раб.единици)*
*13. Воведување на европска картичка преку склучување на договори со три земји, Германија, Чешка и Словенија;*
*14. Организациони промени, реструктуирање на Фондот заради поефикасно работење.*

*На крајот додаде дека да не се појавеа непредвидени надворешни фактори како економската криза и намалувањето на буџетот, резултатите постигнати во 2008 година ќе му овозможеа на Фондот удобно и стабилно работење во периодот кој следува. Новонастанатата состојба меѓутоа наметнува потреба од уште поголеми напори за задржување на стабилноста. По излагањето се заблагодари на Управниот одбор за успешната соработка нагласувајќи дека постигнатите резултати се заедничка заслуга.*

*Потоа, на годишниот извештај со свои дискусии се осврнаа сите членови на Упраниот одбор, по што едногласно беше донесена*

***Одлука***
***за усвојување на Годишниот извештај за 2008 година за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Анализата на економско финансиското работење на Фондот и јавните здравствени установи***

***ТОЧКА 3 -*** *Анализа на реализација на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и јавните здравствени установи за кварталот јануари - март 2009 година со Предлог мерки за обезбедување на финансиски услови за успешно тековно работење на јавните здравствени установи*

*Анализата ја презентира Ромела Поповиќ Трајкова. Потсети дека согласно членот 70 од Законот за здравствено осигурување), Акциониот план на ФЗОМ (Рамка Ф) и Процедурите за изготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот и за буџетите на јавните здравствени установи, Фондот изготвува редовни месечни извештаи за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и извршените трансфери до јавните здравствени установи, а јавните здравствени установи изготвуваат редовни месечни и квартални извештаи за реализација на средствата пренесени од Буџетот на Фондот. Како значајна карактеристика на овој квартал го истакна воведувањето на бруто платата. Во овој период, во Фондот се остварени приходи во износ од 4.866.461 илјади денари, што преставува просечен месечен приход во износ од 1.622.154 илјади денари. Остварените приходи за периодот јануари-март 2009 година споредени со остварените приходи за истиот период во 2008 година (износ 4.544.575 илјади денари) бележат зголемување од 7,08%.*

*Од друга страна, планираните вкупни приходи за периодот јануари-март 2009 година изнесуваат 5.009.266 иљјади денари или просечно месечно 1.669.755 иљјада денари. Во споредба со планираните, остварените приходи се помали за 2,85%. Овие финансиски импликации се одраз на воведување на Проектот за социјални придонеси и воведување на бруто плата започнувајќи со примена од 2009 година. Потоа подетално се осврна на одделни приходи и расходи во периодот на кој се однесува анализата. Како загрижувачка ја истакна појавата на повторно зголемување на долговите на јавните здравствени установи откако кон крајот на минатата година беа целосно ликвидирани. Особено е алармантна динамиката на нивниот раст. Во анализата се издвоени установите кај кои нема раст на долговите, посебно се издвоени оние установи кои имаат средства на сметката а и покрај тоа покажуваат раст на долговите а посебно оние чии долгови растат и немаат средства на сметката.*

*Според Љубиша Каранфиловски причината за зголемувањето на долговите не е секогаш во големите трошоци за плати на вработените како што често знаеме да заклучиме. Тоа не важи за сите здравствени установи. Причината може да биде и во недоволните буџети како и во слабото менаџирање. Затоа е потребна детална анализа кај секоја установа што создава долгови за вистинските причини за создавање на долгови. Потоа би можеле да се преземат соодветни мерки. Со оваа констатација се согласи и Трајче Леов.*

*Зоран Крајоски потврди дека проблемот е детектиран и за негово решавање постои заинтересираност и кај министерот за здравство. За следаната седница ќе имаме детална анализа за установите кои создаваат долгови.*

*Ромела Поповиќ Трајкова предложи Управниот одбор да ги усвои и од страна на стручната служба на Фондот предложените мерки за кои сметаме дека ќе придонесат за подобрување на состојбите.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја усвои **Анализата на реализација на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и јавните здравствени установи за кварталот Јануари - Мај 2009 година**, и донесе*

*Покрај тоа, со цел обезбедување на финансиски услови за успешно тековно работење на јавните здравствени установи ги усвои следните мерки:*

1. *Воспоставување на строга финансиска дисциплина на расходната страна (почитување на Законот за буџети и буџетското работење);*
2. *Зајакнување на контролните механизми, ex-анте финансиската и другите видови на контроли од страна ан Фондот заради контрола на наменско и економично трошење на средства од задолжително здравствено осигурување и контрола на извршување на здравствените услуги;*
3. *Имплементирање на Проектот за воведување на механизми за контрола на плаќање во јавните здравствени установи со воспоставување на систем на трезорско работење;*
4. *Од Министерството за здравство да се предложат соодветни мерки на санкции во случаи кога нема да се постапи согласно законската регулатива.*
5. *Јавните здравствени установи подмирувањето на долговите да го вршат до крајот на месецот по доспеаност (по старост на фактурите*

*од најстара до најнова), при што максимално да ги искористат средствата од нивните жиро-сметки.*

*како и*

***Заклучок:** За следната седница да се изготви анализа за јавните здравствени установи кои во работењето создаваат долгови со осврт на причините за создавањето на долговите.*

***ТОЧКА 4 -** Измена на Инвестиционата програма на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во правец на препораките од Владата*

*Објаснување на предлогот за изменување на Инвестиционата програма даде Ромела Поповиќ Трајкова. Наведе дека во однос на досегашната Инвестициона програма, во предлогот не се намалени средствата туку се пренаменети во согласност со мерките на Владата на Република Македонија. Предлогот е во согласност со мерката за забрана за набавка на мебел, опрема и возила и други непродуктивни расходи кај буџетските корисници, усвоена од Владата во рамките на третиот пакет на антикризни мерки, чие важење на седницата одржана на 21.04.2009 година е продолжено до 31.12.2009 година. Исто така и согласно предлог ребалансот на Буџетот на Република Македонија кој Владата го достави до Собранието.*

*Горан Коевски побара во текстот на измената да се наведе дека измената се донесува заради усогласување со мерките и препораките на Владата за справување со економската криза.*

*Останатите членови го поддржаа предлогот, по што со негово вградување во текстот на измената, Управниот одбор едногласно донесе*

***Изменување и дополнување***
***на Програмата за инвестиции за Фондот за здравствено осигурување и подрачните служби на Фондот за 2009 година***

***ТОЧКА 5 -** Предлог за проширување на листата на оддалечени рурални места*

*Фисник Ибраими извести дека од Министерството за здравство се бара листата на места кои имаат статус на рурални да се дополни со нови места за кои се смета дека постои оправданост.*

*Директорот Тренкоски пак истакна дека пред да се пристапи кон измени и дополнувања на листата, треба да се преработат критериумите за прогласување на едно место за рурално. За таа цел е потребно заеднички да се ангажираат Фондот и Министерството.*

*Оваа дискусија ја дополни Лазар Трајчев кој изградувањето на јасни критериуми го истакна како неопходно, и додаде дека за тоа може да биде потребно да земат учество и други државни органи вклучени во планирањето на рамномерниот регионален развој на земјата.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Да се иницира формирање на комисија од претставници на повеќе државни органи во која ќе учествуваат и претставници на Фондот, со цел утврдување на критериуми за прогласување на оддалечени рурални места.*

***ТОЧКА 6 -*** *Презентација на претседателот на комитетот за ДСГ*

*Поради отсуство на претседателот на комитетот за ДСГ, оваа точка од дневниот ред беше одложена.*

***ТОЧКА 7 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорот Тренкоски и Кристина Христова објаснија дека предложените измени претставуваат дополнување на одлуката со нови заштитени имиња кај некои лекови што се користат во примарната здравствена заштита. Со тоа се зголемува изборот на лекови од кои осигурениците ќе можат да извршат избор а за Фондот тоа нема никакви финансиски импликации.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршија предложените дополнувања со нови заштитени имиња.*

***ТОЧКА 8 -*** *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Златко Алексов објасни дека се предлагаат измени на Планот за јавни набавки во класите I, II I III.*

*Кај класата I - Стоки, предложените измени се заради усогласување со веќе усвоената Инвестициона програма на Фондот како и на нејзините измени кои денес беа усвоени. Тие се однесуваат на набавка на сушачи за раце, клима уреди, бојлери, правосмукалки, средер, факсови, картичка за бирање, односно за се што остана ненабавено со постапките започнати претходната година. Исто така се предвидува набавка на уреди за складирање на податоци со San Switch и уред за заштита од надворешни упади - firewall.*

*Кај класата II - Услуги, се предвидени систематски прегледи за вработените во Фондот согласно Законот за безбедност и здравје при работа. Предвидени се средства за 681 вработен и дополнителни 45 вработувања кои се очекуваат, а врз основа на проценетата вредност од 1.000 денари по преглед. Исто така е предвидена и замена на шифра со соодветна - IP VPN.*

*Кај класата III - Работи, измените се однесуваат на дополнување на Планот за јавни набавки со шифри во општиот поимник кај реконструкција и санација на објекти на Фондот и подрачните служби.*

*На крајот предупреди оти утринава дознал дека локалните избори сеуште официјално не се завршени, па со оглед на забраната за изменување на планот за јавни набавки за време на избори, укажа дека за секторот за јавни не би претставувало проблем и ако измените и дополнувањата на Планот се извршат на наредната седница, кога изборите ќе бидат и официјално завршени.*

*Директорот Тренкоски укажа дека Фондот добил изветстување од Антикорупциската комисија дека од 18 април веќе може да се вршат измени на Планот, по што Упавниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршија предложените измени на Планот за јавни набавки.*

***ТОЧКА 9 -*** *Одлука за овозможување на јавните претпријатија неплатениот придонес да го платат на рати без банкарска гаранција, со истовремено издавање на потврди за платен придонес*

*Лазар Трајчев објасни дека со одлуката со која се овозможува централната служба на Фондот да склучува судски спогодби за плаќање на долгот по основ на неплатен придонес на рати се бара должникот да обезбеди банкарска гаранција доколку сака до целосното плаќање на долгот да добива потврди за платен придонес. Ова им оневозможува на јавните претпријатија да добиваат потврди за платен придонес поради фактот што јавните претпријатија не можат да добијат банкарска гаранција.*

*Горан Коевски укажа дека и над јавните претпријатија може да се отвори стечајна постапка и со тоа да биде оневозможено плаќањето на обврската.*

*Трајче Леов пак предложи да се размисли за друг вид гаранција за плаќањето, како на пример гаранција од основачот на јавното претпријатие или градоначалникот.*

*Останатите членови на Управниот одбор се согласија со предлогот за начинот на обезбедување на побарувањето, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за овластување на Централната служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се овозможува тужените обврници за плаќање на заостанат придонес за задолжително здравствено осигурување - јавни претпријатија да го плаќаат долгот кон Фондот на најмногу 15 месечни рати со истовремено издавање на потврди за платен придонес, доколку за плаќањето со свој потпис гарантира основачот на јавното претпријатие или градоначалникот.*

***ТОЧКА 10 -*** *Барање од Центарот за култура Битола*

*Лазар Трајчев објасни дека барањето од Центарот за Култура од Битола до Управниот одбор, се однесува на неплатени придонеси за еден дел од вработените на Центарот кои имале различна правна положба. Центарот бара да му се овозможи заостанатиот долг да го плати на рати а за време на плаќањето на долгот Фондот да издава потврди за платен придонес за вработените. Како поткрепа на барањето доставуваат и допис од Министерството за култура, во кој Министерството потврдува дека за плаќањето на долгот кон Фондот на 15 рати, ќе обезбеди средства.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

*со која го прифати барањето на Центарот за култура од Битола за плаќање на долгот на 15 месечни рати.*

***ТОЧКА 11 -*** *Продолжување на договорот со сообраќајниот вештак*

*Управниот одбор ја разгледа Информацијата за работењето на стручното лице сообраќаен инженер во постапките за надомест на штета за периодот од 12 месеци, по што едногласно донесе*

***Одлука***
***за продолжување на важењето на договорот за ангажирање на стручно лице (вештак) сообраќаен инженер***

*со која стручното лице се ангажира и за периодот од 01.04.2009 до 30.09.2009 година.*

*Со тоа дневниот ред беше исрпен, и Управниот одбор во 14.40 часот заврши со работата на LIII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Фисник Ибраими***